**TYROCAIN-M-M**
**Пастили**

---

УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

# TYROCAIN-M / ТИРОКАИН

**benzocaine, tyrothricin**
**пастили**

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи тоа содржи важни информации за Вас.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Овој лек се издава и без лекарски рецепт. Меѓутоа, неопходно е да го употребувате лекот TYROCAIN-M внимателно како би постигнале најдобри резултати.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.
- Во случај на влошување на симптомите, консултирајте се со Вашиот лекар.
- Доколку некое несакано дејство стане серизоно или забележите некое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, информирајте го Вашиот лекар или фармацевт

**Упатство содржи:**

1. *Што претставува TYROCAIN-M и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете, пред да употребите TYROCAIN-M*
3. *Како да се употребува TYROCAIN-M*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на TYROCAIN-M*
6. *Додатни информации и содржина на пакувањето*

## 1. Што претставува TYROCAIN-M и за што се употребува

TYROCAIN-M е комбинација на бензокаин и тиротрицин и претставува лек со аналгетски, адстрингентни и антисептички својства. Тиротрицин има јако бактерицидно дејство на микроорганизмите кои предизвикуваат нарушувања на оралната празнина.

TYROCAIN-M се користи за третман на воспаленија и инфекции на оралната празнина и орофарингсот како што се: болка во грлото, зарипнатост, фарингитис, ларингитис, стоматитис, гингивитис и афти.

## 2. Што треба да знаете пред да употребите TYROCAIN-M

### Не земајте/давајте TYROCAIN-M

- Ако сте алергични (пречувствителни) кон активните супстанции безокаин и тиротрицин или кон било која друга составна компонента на TYROCAIN-M;
- Ако ви е кажано од страна на Вашиот лекар дека не поднесувате некои шеќери, контактирајте го Вашиот лекар пред да го земете овој лек;
- Кај деца на возраст помала од 6 години, поради можната пречувствителност на ментол;
- Ако сте алергични (пречувствителни) на локални анестетици;

- Ако сте алергични (пречувствителни) на пара-аминобензоева киселина и нејзините деривати и на конзерванси од групата на хидроксибензоати;
- Ако имате фенилкетонурија;
- Ако сте на диета со низок внес на натриум или ако имате хипертензија;
- Ако сте на диета со низок внес на калиум;
- Ако сте дијабетичар.

**Бидете посебно внимателни со TYROCAIN-M**
Нормално третманот не треба да биде подолг од 10 дена; после тој период постапките кои треба да се превземат треба повторно да се ре-евалуираат.

Индикацијата не го оправдува продолжениот третман (повеќе од 10 дена), бидејќи тоа може да доведе до дисбаланс на нормалната микробиолошка флора на усната празнина, со ризик од бактериска или фунгална дифузија (кандидијаза). Продолжениот третман на нивото на мукозата може да претставува зголемен ризик од токсични системски ефекти (може да биде зафатен CNS со конвулзии).

**Земање на TYROCAIN-M со други лекови**
TYROCAIN-M има локален ефект, минимална апсорбција и незначителни интеракции со лекови.

**Земање на TYROCAIN-M со храна и пијалоци**
Земањето на пастилите е независно од земањето на храна и пијалоци.

**Бременост и доење**
TYROCAIN-M не треба да се користи во првиот триместар од бременоста, поради присуството на локалниот анестетик.

Не е препорачлива употреба на TYROCAIN-M во текот на доењето.

**Влијание врз способноста за возење или за ракување со машини**
TYROCAIN-M формулацијата содржи ниски дози на активни супстанции, поради што не се очекуваат ефекти врз способноста за возење и ракување со машини.

**Важни информации за некои од помошните составни компоненти на TYROCAIN-M**
Лекот содржи извор на фенилаланин. Може да биде штетен за лица со фенилкетонурија.

Пациентите со дијабетес треба да имаат во предвид дека секоја пастила содржи 807 mg сахароза.

## 3. Како да се употребува TYROCAIN-M
Вообичаената доза за возрасни е 1 пастила на час, но не треба да се надминат 10 пастили на ден.

Вообичаената доза за деца на возраст поголема од 6 години е 3 до 5 пастили на ден, распоредени во тек на целиот ден.

**TYROCAIN-M-M**
**Пастили**

Пастилите TYROCAIN-M треба да се растворат полека во устата, за да се обезбеди адекватна концентрација на активните супстанции во плунката. Со цел да се добие посакуваниот ефект, пастилите не треба да се џвакаат или цели да се проголтаат.

Времетраење на третманот
Додека се присутни симптомите, но не подолго од 10 дена.

Пациенти со проблеми со црниот дроб или бубрезите
Апсорбцијата на активните супстанции е минимална поради што не е потребно прилагодување на дозата кај пациентите со проблеми со црниот дроб и/или бубрезите.

Деца
Кај деца на возраст под 6 години TYROCAIN-M не се препорачува поради можноста од пречувствителност кон ментол.

Постари лица
TYROCAIN-M може да се употребува кај постари лица. Меѓутоа, лекот треба да се употребува со внимание кај постарите лица со дијабетични проблеми, бидејќи пастилите содржат шеќер.

**Ако сте земале поголема доза од лекот TYROCAIN-M отколку што треба**

Иако до сега нема случаи на предозирање, теоретски може да се претпостави дека може да се јават некои непријатни манифестации, особено конвулзии и кардиоваскуларна депресија. Во случај на предозирање веднаш треба да го контактирате Вашиот лекар или најблиската болница. Препорачаниот третман се состои од одстранување на лекот со желудечна лаважа и симптоматска терапија доколку е потребна.

## 4. Можни несакани дејства

*Како и сите лекови, така и лекот TYROCAIN-M може да има несакани дејства, иако истите не се јавуваат кај сите пациенти.*

Генерално TYROCAIN-M добро се поднесува, меѓутоа постои потенцијален ризик од осетливост на бензокаин.

Бидејќи пастилите содржат бензоична киселина, ретко може да се јави мала локална иритација на мукозата.
Исто така евентуално може да се јави воспаление на јазикот, кое исчезнува по прекинувањето на третманот.

Ако било кое несакано дејство стане сериозно или ако забележите било кое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, Ве молиме кажете му на Вашиот лекар или фармацевт.

**Пријавување на суспектните несакани дејства**
Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил

и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

## 5. Чување и рок на употреба на TYROCAIN-M

Да се чува на температура под 25$^0$C.
Лекот чувајте го на места подалеку од поглед и дофат за деца.

Да не се употребува по изминувањето на рокот на употреба назначен на пакувањето. Рокот на употреба истекува на последниот ден од назначениот месец.

Медицинскиот производ не треба да се отстранува преку куќниот отпад. Прашајте го фармацевтот како да го отстраните медицинскиот производ. Ова ќе помогне во заштитувањето на околината.

## 6. Други информации и содржина на пакаувањето

**Што содржи лекот TYROCAIN-M**

*Активни супстанции:* бензокаин (2.5 mg) и тиротрицин (1.05 mg)

*Други помошни супстанции:*
Натриум борат, калиум хлорат, сахароза, магнезиум стеарат, талк, спреј гума ц, бензоична киселина, златен желатин, кармелоза натриум, peppermint essence CD02081, ментол и грануларен аспартам (E 951).

**Како изгледа и што содржи пакувањето во TYROCAIN-M**

Пастила.
Бело обоена, означена со "M" на едната страна.

Лекот TYROCAIN-M е достапен во пакување од 20 пастили.

**Производител:**
Sofarimex – Industria Quimica e Farmaceutica, Lda. (Fab.)
Avenia das Industrias – Alto de Colaride – Agualva
2735-213 Cacem, Португалија

**Носител на одобрението за промет во Република Македонија:**
Рифам доо, ул. „Мара Угриноска" бр. 144, Гостивар, Р. Македонија

**Број и датум на одобрението за промет:**

**Начин на издавање**
Лекот може да се издава и/или да се продава, без рецепт (БР*)

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Април, 2019*